РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2600/5
18-11-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 25-та седница одржана на ден 12.11.2025 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

Постапката по предмет број 12-2600/1 од 01.10.2025 година, со сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборната кампања за Локални избори 2025 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај поради тоа што пријавените наводи не упатуваат на повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот Законик.

Предметот со број 12-2600/1 од 01.10.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 01.10.2025 година, поднесена е пријава со наводи за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборната кампања за Локални избори 2025 година и оформен е предмет број 12-2600/1 од 01.10.2025 година.

Во пријавата, изнесени се наводи за сомневање за злоупотреба на службената положба на лицето ----------- ------------- кој во својство на управител во ------- ------- ------------- --- ---------- Скопје му дозволил на лицето ----------- ------------- вработен во истото друштво, да биде ослободен од работните обврски заради дополнителен работен ангажман како обучувач во изборен процес со цел остварување на дополнителен приход и тоа спротивно на Законот за работни односи.

Исто така, наведено е и дека за ист случај во однос на посоченото лице претходно биле водени судски постапки со кои било потврдено дека работникот нема право да биде

ослободен од работните обврски за ваков дополнителен ангажман и дека ова отсуство од работа треба да се смета за неоправдано.

Заради утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК побара ------- --- ---- ------------- --- ---------- Скопје да достави информација за наводите од пријавата и доколку истото лице е веќе ангажирано да се образложи правниот основ во однос на неговиот ангажман со достава на прилог документација.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и по разгледување на приложената документација ДКСК го констатира следново:

На лицето ------------ -------------- му било одобрено платено отсуство за време на изборниот процес за периодот од 22.09.2025 заклучно со 19.10.2025 година врз основа на барање поднесено на ден 17.09.2025 година, со дополнителен прилог кон истото од оригинал известување односно акт донесен од Државната изборна комисија (ДИК) на 10.09.2025 година и согласно член 31 став 2 точка 27 и точка 43-г од Изборниот законик на РСМ и одредбите од член 43 став 1 точка 4 од Колективниот договор на ФОД ДООЕЛ Новаци, наведеното лице било ослободено од вршење на работните обврски односно, му било одобрено оправдано отсуство заради извршување на функцијата обучувач на избирачките одбори.

Имено, согласно член 31 став 2 точка 27 од Изборниот законик, Државната изборна комисија го донесува актот за организација и систематизација на стручната служба на Државната изборна комисија во рамките на која се организира и систематизира правна служба и формира помошни тела. Согласно точка 43-г) од ставот 2 на истиот член, од Изборниот законик, Државната изборна комисија за потреби за изборите може да ангажира изборна администрација и обучувачи надвор од изборен процес, за што институциите каде што се вработени овие лица се должни да ги ослободат од работни обврски.

По однос на наводите дека за истиот случај претходно постоеле судски пресуди со кои било утврдено дека лицето нема право на платено отсуство по овие основи, видно од известувањето доставено од ------- ------------ ----------- и пресудата доставена во прилог, станува збор за одлуки кои се однесуваат на законитоста на донесеното решение заради формален пропуст и недостаток на дополнителен прилог кон доставеното барање односно донесен акт од ДИК во оргинална верзија.

Имајќи го предвид горе наведеното, ДКСК оцени дека пријавените наводи не упатуваат на повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и

Изборниот Законик. Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930